**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 41 и 93 став 1 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на вонредната седница одржана на ден 15.09.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот**
**на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, пречистен текст од 04.05.2023 година, во член 9 став 1 по точката 21, се додава нова точка 22 која гласи:

„22) маркетинг на задолжително и/или доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;"

Точките 22, 23 и 24 стануваат точки "23, 24 и 25".

Се менува став 6 и истиот гласи:

"За извршување на активностите од став 1 точки 5, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 22, 23, 24 и 25, потребна е претходна согласност од Народна банка на Република Северна Македонија."

**Член 2**

Во член 63 се менува став 1 и истиот гласи:

"Одборот за управување со ризици се состои од 6 (шест) члена, од кои 2 (два) члена се бираат од членовите на Управен одбор, 1 (еден) член на Одборот е Одговорниот директор за ризици, 1 (еден) член на Одборот е Одговорниот директор за контрола на усогласеност со прописи, 1 (еден) член на Одборот е Одговорниот директор за бизнис развој и 1 (еден) член на Одборот е Директор на Дирекција Трежри."

**Член 3**

Во член 72-а, алинеа 1, зборовите „Служба за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање тероризам" се заменуваат со зборовите „Служба за контрола на усогласеност со прописи, Служба за спречување перење пари и финансирање тероризам,".

Во алинеа 2 по зборовите „Дирекција Сигурност" се става "запирка", а по Служба за небанкарски дејности се додава сврзникот "и" и се додаваат зборовите "Служба Контакт Центар".

**Член 4**

Се менува став 2 во член 77-б и истиот гласи:

"Кредитниот одбор е составен од 5 (пет) члена и тоа:

- Директор на Дирекција Управување со ризик;
- Директор на Дирекција Корпоративно банкарство;
- Директор на Дирекција Правни работи;
- Директор на Дирекција Стратешки клиенти и
- Раководител на Сектор кредитен ризик."

Се менува став 5 и истиот гласи:

“Седниците може да се одржуваат ако на истите присуствуваат три члена, при што задолжително е присуство на Директорот на Дирекција Управување со ризик или Раководителот на Сектор кредитен ризик.”

**Член 5**

Се менува член 83 и истиот гласи:

“Лица со посебни права и одговорности во Банката се: членовите на Надзорниот одбор на Банката, членовите на Управниот одбор на Банката, членовите на Одборот за ревизија, членовите на Одбор за управување со ризици, членовите на Кредитен одбор, Одговорниот директор за контрола на усогласеност со прописи, Одговорниот директор за ризици, Одговорниот директор за продажби, Одговорниот директор за бизнис развој, Одговорниот директор за операции, Директорот на Службата за внатрешна ревизија, раководителот на Службата за контрола на усогласеност со прописи, раководителот на Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам, директори и заменици директори на дирекциите на банката.

Директорите на дирекции, раководителот на Службата за контрола на усогласеност со прописи, раководителот на Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам, заменицитe директори на дирекции, Одговорниот директор за контрола на усогласеност со прописи, Одговорниот директор за ризици, Одговорниот директор за продажби, Одговорниот директор за бизнис развој, Одговорниот директор за операции, како лица со посебни права и одговорности се именуваат од страна на Управниот одбор на банката и нивниот мандат трае од денот на именувањето до денот на нивното отповикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

Одговорниот директор за контрола на усогласеност со прописи раководи со Дирекција Правни работи, Служба за контрола на усогласеност со прописи и Служба за спречување перење пари и финансирање тероризам, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции и служба.

Одговорниот директор за ризици раководи со Дирекција Управување со ризик, Дирекција Управување со проблематични пласмани и Дирекција Кредитна администрација, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции.

Одговорниот директор за продажби раководи со Дирекција Мрежа на експозитури, Дирекција Стратешки клиенти и Служба Контакт Центар, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции.

Одговорниот директор за операции раководи со Дирекција Информатички технологии, Дирекција Платни системи и Дирекција Картично работење, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции.

Одговорниот директор за бизнис развој раководи со Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Банкарство за население, Дирекција Кредитен центар и Дирекција Маркетинг и реклама, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции.

Надлежностите, правата и одговорностите на директорите на дирекциите, Директорот на Службата за внатрешна ревизија, раководителот на Службата за контрола на усогласеност со прописи, раководителот на Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам и заменицитe директори на дирекции како лица со посебни права и одговорности се: обезбедување на услови за работење на дирекцијата во согласност со прописите, раководење, организирање, контролирање на сите процеси во дирекцијата, покренување иницијативи и давање предлози за унапредување на работењето на дирекцијата и други. Правата, надлежностите и одговорностите на директорите на дирекциите на банката, Директорот на Службата за внатрешна ревизија, раководителот на Службата за контрола на усогласеност со прописи, раководителот на Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам и заменицитe директори на дирекции се уредуваат со Акт за систематизација на работни места на банката.”

**Член 6**

Во член 87 став 2 зборот:„раководителот“, се заменува со зборот:„директорот“.

**Член 7**

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија и по нејзиното усвојување од Собранието на акционери на Банката.

**Член 8**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Предлог-Одлуката за потребата од изменување и дополнување на Статутот**

Со предложените измени и дополнувања на Статутот се врши усогласување на надлежностите и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности со новата организациска шема на Банката, како и во составот на Одборот за управување со ризици и проширување на составот на Кредитниот одбор.

Со членот 1 од предложените измени и дополнувања се врши дополнување на активностите кои ги врши Банката со нова финансиска активност врз основа на решение за претходна согласност од НБРСМ за вршење нова финансиска активност „маркетинг на задолжително и/или доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.“

Со членот 2 се врши усогласување на составот на Одборот за управување со ризици согласно новите работните позиции во Банката кои се лица со посебни права и одговорности. Имено, член на овој Одбор е Одговорниот директор за бизнис развој, наместо досегашното решение Директор на Дирекција Банкарство за население. Со оваа измена составот на Одборот за управување со ризици опфаќа тројца членови со функција Одговорни директори.

Во рамките на надлежностите на Извршниот директор одговорен за Дирекција Мрежа на експозитури, Дирекција Стратешки клиенти, Дирекција Трежри, Дирекција Сигурност, Служба за небанкарски дејности, со членот 3 од предложените измени и дополнувања се дополнува со уште една организациона единица - Служба Контакт Центар.

Со членот 4 се врши промена и проширување на Кредитниот одбор на Банката. Предложениот состав на Кредитниот одбор има за цел да се насочат процесите на донесување одлуки во согласност со критериумите за следење и контрола на квалитетот на кредитното портфолио на Банката.

Со членот 5 се врши дополнување на лицата со посебни права и одговорности, нивните надлежности и одговорности. Се воведуваат нови работни позиции: Одговорен директор за операции, Одговорен директор за продажби и Одговорен директор за бизнис развој, а постојните работни позиции Главен директор за контрола на усогласеност со прописи и Главен директор за ризици, се преименуваат во Одговорен директор за контрола на усогласеност со прописи и Одговорен директор за ризици. Со воведувањето на овие работни позиции и распределба на надлежностите ќе се унапреди организацијата на работата во Банката и ќе се ефектуира имплементирањето на нови и подобрување на постоечките деловни процеси на Банката. Новата организационо структурната распределба на Службата за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање на тероризам на две одделни организациони едници, има за цел оптимизација на процесите и подобрување на системот на усогласеност и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на банката со прописите и унапредување на процесот на управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

Со членот 6 се врши техничко усогласување на текстот на Статутот.

СО бр. СОБРАНИЕ
15.09.2023година ПРЕТСЕДАВАЧ